# ПреМама Дуо, таблети и меки капсули, додаток во исхраната за жени кои планираат бременост, за бремени жени и за доилки Quatrefolic® активна фолна киселина

**ПреМама Дуо** е мултивитамински и мултиминерален производ наменет за употреба пред зачнувањето, во текот на бременоста и во текот на доењето. Двојното пакување се состои од таблети кои содржат 11 витамини и 10 минерали и од капсули со омега 3 масни киселини коишто се важни како за мајката така и за бебето.

Од зачетокот па сè до породувањето, растот и развојот на фетусот зависат од хранливите состојки кои мајката ги внесува со храната. Потребата за одредени хранливи состојки е зголемена за време на планирањето на бременоста, во текот на бременоста и за време на лактацијата и поради тоа се препорачува нивно дополнително внесување.

Развојот на фетусот и на доенчињата комплетно е зависен од нутритивниот статус на мајката.

Околу 60 % од ткивото на мозокот се состои од масти. Докосахексаеноичната киселина (DHA) е една од најзастапените масни киселини во мозокот и е од клучно значење за неговиот развој, за развојот на нервниот систем, како и за правилниот развој и функционирање на очите затоа што е една од главните состојки на мембраните на фоторецепторните клетки на окото.

Со цел да се осигура правилно формирање на клеточните мембрани во мозокот и на централниот нервен систем и нормален развој на очите на фетусот и доенчето, се препорачува земање најмалку 200 mg докосахексаеноична киселина на ден.

**СОСТАВ**

| **Таблети Премама Дуо Quatrefolic®** | **1 таблета** | **% ПДВ*** |
|---|---|---|
| Калциум | 200 mg | 25 |
| Витамин Ц | 85 mg | 106 |
| Магнезиум | 56,25 mg | 15 |
| Витамин ПП | 18 mg | 113 |
| Витамин Е | 15 mg | 125 |
| Железо | 15 mg | 107 |
| Пантотенска киселина | 6 mg | 100 |
| Цинк | 5 mg | 50 |
| Манган | 2 mg | 100 |
| Витамин $Б_6$ | 1,9 mg | 136 |
| Витамин $Б_1$ | 1,4 mg | 127 |
| Витамин $Б_2$ | 1,4 mg | 100 |
| Бакар | 1 mg | 100 |
| Фолати | 400 mcg | 200 |
| Јод | 150 mcg | 100 |
| Селен | 60 mcg | 109 |
| Молибден | 50 mcg | 100 |
| Биотин | 30 mcg | 60 |
| Хром | 30 mcg | 75 |
| Витамин Д | 10 mcg | 200 |
| Витамин $Б_{12}$ | 2,6 mcg | 104 |

Помошни состојки: *згуснувач:* микрокристална целулоза; *средство за обложување:* хидроксипропилметил целулоза; малтодекстрин, *средства против згрутчување*: магнезиум стеарат, полиетилен гликол, силициум диоксид; *боја:* калциум карбонат; *средство против згрутчување*: стеаринска киселина; *боја:* железо оксид, црвен.

| Капсули ПреМама Дуо | 1 капсула | % ПДВ* |
|---|---|---|
| Рибино масло | 445 mg | |
| DHA | 200 mg | |
| EPA | 43 mg | |
| Витамин Е | 5 mg TE | 27,5 |

Помошни состојки: желатин; *стабилизатор* – глицерол (E422).

*Препорачано дневно внесување

**ДЕЈСТВО**

Таблетите **ПреМама Дуо Quatrefolic®** се специјално направени и балансирани за да ја обезбедат потребната количина фолати (400 μg) заедно со останатите витамини и минерали во сите фази од бременоста, со цел да се задоволат зголемените потреби на организмот:

- ✓ **ПреМама Дуо содржи Quatrefolic® активна фолна киселина.**
  Внесувањето **фолати** преку додатоците на исхраната го зголемува фолатниот статус кај мајката, што придонесува за намалување на ризикот од дефекти на невралната туба.
- ✓ **Витаминот Д** придонесува за нормална апсорпција/користење на калциумот и на фосфорот и за воспоставување нормално ниво на калциум во крвта, како и за одржување здрави коски и заби.
- ✓ **Железото** придонесува за нормална когнитивна функција, за нормално создавање црвени крвни клетки и хемоглобин, како и за нормално пренесување на кислородот во телото. Тоа помага за намалување на заморот и на исцрпеноста.
- ✓ **Калциумот** е потребен за одржување здрави коски и заби.
- ✓ **Витаминот Б$_{12}$** придонесува за нормален метаболизам на хомоцистеинот, за нормално одржување црвени крвни зрнца и има улога во процесот на делба на клетките.
- ✓ **Витаминот Ц** придонесува за нормално создавање колаген и за нормална функција на кожата. Витаминот Ц ја зголемува апсорпцијата на железо.
- ✓ **Јодот** придонесува за нормална когнитивна функција, за нормално производство на тироидни хормони и за нормална тироидна функција.
- ✓ **Цинкот** и **селенот** придонесуваат за одржување здрава коса и нокти.

Капсулите омега 3 содржат рибино масло кое е богат извор на **докосахексаеноична киселина** (DHA).

- ✓ DHA придонесува за нормален развој на мозокот и на очите на фетусот и на доенчето.

**УПОТРЕБА**

Таблетите и капсулите **ПреМама Дуо**, како додаток во исхраната, ги задоволуваат зголемените потреби од внесување витамини, минерали и омега 3 масни киселини пред, за време на и по бременоста.

**ДОЗИРАЊЕ И НАЧИН НА ПРИМЕНА**

Производот е наменет за перорална употреба.

За жени кои планираат бременост, за бремени жени и за доилки се препорачува по една таблета и по една капсула дневно. Таблетата и капсулата се проголтуваат со малку течност, по јадење.

**МЕРКИ НА ПРЕТПАЗЛИВОСТ**

Таблетите и капсулите **ПреМама Дуо** не треба да се употребуваат доколку постои пречувствителност на некоја од состојките.

**Да не се надминува препорачаната дневна доза.**

**Производот не треба да се употребува како замена за разновидна исхрана.**

**ПАКУВАЊЕ**

Картонската кутија содржи 30 таблети (3 блистери), 30 капсули (2 блистери) и упатство за употреба.

**РОК НА УПОТРЕБА**

Две (2) години.

**НАЧИН НА ЧУВАЊЕ**

Да се чува на температура од 15°C до 25°C, заштитено од влага и од светлина.

**Да се чува надвор од дофат на мали деца!**

Произведено во Полска за АЛКАЛОИД АД Скопје, бул. Александар Македонски 12, 1000 Скопје, Република Северна Македонија.